Горе на Шара,
крај столетни стебла,
извира извор,
Вруток се вика.

Крај сенчести буки,
и треперливи брези
Протекува вода,
ладна и чиста.

Името нејзино,
гордост го краси.
Водите нејзини,
раскажуваат тајни,
за врениња мрачни,
за јунаци храбри.

ООО... Вардаре реко
ти добра си и чедна.
Твоите води,поеле поле
Македонско жедно.

Многу години
Вардаре реко:
На јунаци смели,
си миела рани,
нежно и меко.

На Карпоша,реко
храброст си му влила.
На Страшо и Мирче
рани си му мила,
и на безброј јунаци,
преградка си им дала.

ООО... Вардаре реко,
Ти горда си и смела.
Твоите води лечеле рани
На јунаци! чеда Македонци горди.

Твоите води:
Од Шара,
се спуштаат,течат,
Се до градот Солун,
во книги се пишуваат,
во песни се пејат.



**ЗОРАН ПЕТРОВ**